[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Примено: 28.07.2020

| Организ. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 631/1 | | |

До: **Општина Валандово**
**Г-дин Перо Костадинов, Градоначалник на општина Валандово**
Ул. "Иво Лола Рибар" бр.3, 2640 Валандово

# **БАРАЊЕ**

## **за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15, бр. 55/16 и бр. 98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted].

Имено, во рамките на проектот [redacted] реализира истражувачки активности за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на сет на податоци од јавен карактер на локално ниво:

1. Потребни се податоци кои се однесуваат на донесени мерки од страна на локалната самоуправа во справувањето со последиците од кризата предизвикана од КОВИД-19, и кои од тие мерки се насочени кон директна поддршка на текстилните индустрии кои се наоѓаат во локалната заедница.

2. Истовремено, потребни се податоци за тоа дали и колкав дел од буџетот на општината е наменет за финансиска поддршка на текстилните компании, или дали има одредено нефинансиска поддршка преку предвидување на активности за поддршка на текстилните работници или компании.

**Форма во која се бара информацијата**:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
④ **електронски запис (пожелно е во excel формат)**
5) друго-----------------------------------------------------------------------

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
④ **е-маил**
5) друго-----------------------------------------------------------------------

Се надеваме дека ќе излезете во пресрет на нашето барање, имајќи предвид дека аналитичките процеси во секоја област од општественото живеење се основа за креирање на мерки и политики кои придонесуваат кон поголема успешност и соодветен одговор на потребите на целните групи.

Однапред Ви благодариме за соработката,

**Барател на информацијата**[redacted]

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата:**
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во [redacted]

Датум: 22.07.2020 година

Подносител [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-631/2
04.08. 2020 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Арх. знак 1008
Рок на чување 50
04.07 2020 год.
Потпис

ДО
[redacted]

**Предмет** : Одговор на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер од 28.07.2020 година

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, во прилог Ви ја доставуваме информацијата која ја барате.

1. Општина Валандово нема донесено мерки за справувањето со последиците од кризата со Ковид 19 насочени кон текстилните индустрии туку само мерка за ослободување од комунална такса на угостителските фирми.

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Секретар**
**Боро Ќиров**
------------------------

Подготвил: С.Х.-Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 66, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk